**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА**
**СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**
**Бр. 02-367/4**
**23.04.2021 год.**
**С К О П Ј Е**

**Јавен повик**

**За заменик член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје од редот на редовните или вонредните професори по правни науки или истакнати правници со академско звање доктор на науки**

Ги покануваме сите заинтересирани редовни или вонредни професори по правни науки или истакнати правници со академско звање доктор на науки, кои поблиску се запознаени со работата на правосудниот сектор, да се пријават на јавниот повик за заменик член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, доколку ги исполнуваат условите од член 37 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 20/15, 192/15, 231/15 и 163/18):

- Редовен или вонреден професор по правни науки или истакнати правници со академско звање доктор на науки, со најмалку осум години работно искуство во одредена правна област;
- Да поседуваат високи стручни квалитети и углед во вршењето на функцијата и професијата, кои имаат потврдени резултати во работењето на трудови, на написи и да имаат искуство во наставната или менторската работа поврзана со областа на правосудството;
- Во моментот на назначувањето со правосилна пресуда да не е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци и
- Во моментот на назначувањето со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судската или јавнообвинителската функција.

Сите заинтересирани кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, да ги доставaт своите пријави со следните прилози:

- биографија, во која посебно треба да бидат наведени искуствата и достигнувањата на полето на едукација како и наставни програми и модули,

- потврда за работна искуство,
- потврда дека со правосилна пресуда не се осудени за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци и
- потврда дека не им е изречена казна или прекршочна санкција за вршење професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на професионалната дејност.

Рокот за поднесување на пријавите е 15 денови, сметано од денот на објавување на овој јавен повик.

Пријавите може да се поднесат, секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", Скопје, булевар „Јане Сандански" бр.12/2, 1000 Скопје.

Претседател на Управен одбор

д-р Лазар Нанев